Mesić (2006:63) наведува неколку видови објаснувања за мултикултурализмот, истакнувајќи го она што наведува дека релевантноста на мултикултурализмот не може да се види само преку растот или постоењето на разликите меѓу културите. Тоа претставува промена во политичката средина и барања, каде што населението е сè повеќе свесно за својата припадност кон одредена популација и нејзините културни карактеристики. Современите држави, иако сè уште не го признаваат мултикултурализмот како важно политичко прашање, се соочуваат со проблемите што тој ги носи. Имено, опишан е тврдиот пристап на мултикултурализмот, кој наведува, на пример, дека имигрантите ги внесуваат своите културни ставови целосно во земјата во која пристигнуваат и ги практикуваат исто како што го прават тоа во своите матични земји. Покрај бројните

дефиниции за мултикултурализам, може да се каже и дека „во политичката филозофија тој се подразбира како барање политичкото општество да признае еднаков статус за сите стабилни и одржливи заедници што му припаѓаат, со сите тешки прашања за гарантирање на културно специфичните права и заштитата на малцинствата“. Тоа го промовира обединувањето на различните култури во една заедничка универзална форма, а од друга страна очекува прифаќање на културните разлики неопходни за човековото постоење.

Мултикултурниот пристап ја поттикнува свеста за културните разлики, нагласувајќи како промената на индивидуалните верувања влијае врз бизнисот. Тоа се смета за предност бидејќи организацијата и нејзините вработени мора да се прилагодат на различноста на вработените. Исто така, пристапот на асимилација беше споменат како пристап за промовирање на културната разновидност. Ги претставува вработените да се вклопат и да се однесуваат според нормите на организацијата. „Притоа, оние вработени кои не припаѓаат на доминантната култура се принудени да се адаптираат, честопати по цена на откажување од сопствената култура.“ Овој пристап е фокусиран на создавање еднаква култура што ја отфрла културната различност (Bedeković, 2010:80).

7 РАЗВОЈ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ БИЗНИСИ

7.1. Дефинирање на малите и средни бизниси

Според големината претпријатијата се делат на: мали, средни и големи, а од неодамна во литературата се среќаваат и термините микро и макро претпријатија. Кога станува збор за мали бизнис секој прво би помислил за продавница која ја има во соседството, фризерскиот салон кај што одиме, пицеријата која ја посетуваме или слично. Додека големите биниси не асоцираат на фабриките за автомобили, фабриките за мебел и слично.
Сепак она што во една индустрија претставува мал голем бизнис во однос на вреботени, профил и приходи во друга тоа може да биде мал бизнис или пак обратно. Затоа за правилна поделба на бизнисите се наметнуваат критериуми според кои ќе се врши таа квалификација. Најчести критериуми за поделба на бизнисите се зема: бројот на вработени, висината на средствата (капиталот) со кој располага бизнисот, приходите, профитот и сл.
Имајќи ја во предвид класификацијата на бизнисите според големината, во пракстата се користат различни показатали и различни гранични вредости (Paunović, 2021). Болтоновиот комитет основан од страна на Владата на Велика Британија формирал т.н. „економска“ и „статистичка“дефиниција за малите бизниси. Според економската дефиниција за да се смета одреден бизнис мал, потребно е да бидат исполнети следните критериуми:

Прво - да има релативно мало учество на пазарот;

Второ - со него да управува лично сопственикот/сопствениците;

Трето - да е независно (Tonge, 2001).

Додека во однос на статистичката дефиниција, Комитетот формирал различни дефиниции за различни сектори. Друг аспект при дефинирање на малиот бизнис нуди американскиот

Комитетот за економски развој, кој при дефинирањето зема комбинација од различни критериуми.

Според него, за бизнисот да биде класифициран како мал бизнис потребно е бидат исполнети два од следните чеитри критериуми:

- сопственикот самостојно раководи и управува со бизнисот:
- капиталот е обезбеден од страна на поедници или од мала група на поедници;
- бизнисот работи на локално ниво;
- според основните индикатори за големина(бројот на вработени, висината на средствата, профитот, приходите и сл) бизнисот е мал во однос на другите бизниси кои работат во секторот (Milisavljević M., Todorović J, 1991).

Членки на Европската Унија имаат индивидуални дефиниции за тоа што претставува МСП (мали и средни претпријатија) . На пример, според дефиницијата во Германија лимитот е до 255 вработени, додека во Белгија до 100 вработени.

Во Европа, постојат три широки параметри со кои се опфатени малите и средни претпријатија и тоа:

- микро-субјекти се претпријатија со најмногу 10 вработени;
- средни претпријатија кои имаат до 250 вработени.

Според сето тоа, може да се каже дека поделбата на мали и средни претпријатија се состои од организации каде што има вработени помалку од 250 лица и организации кои годишниот обрт не го надминува над 50 милиони евра односно годишниот баланс на состојба не надминува 43 милиони евра.[8]

Според германскиот економист Ханс Хајнрих Бас , емпириско истражување на мали и средни претпријатија, како и политики за промовирање на мали и средни претпријатија имаат долга традиција во (западна) Германија, кои датираат назад во 19 век. До средината на 20-ти век повеќето истражувачи сметаат дека малите и средни претпријатија се пречка за натамошен економски развој и политиките за МСП беа дизајнирани во рамките на социјалната политика.

Во Република Македонија во 2004 год. е извршена класификација на деловните субјекти според нивната големина, класификација опфатена со Законот на трговски друштва на

[8] ENTERPRISE AND INDUSTRY PUBLICATIONS The new SME definition, User guide and model declaration, Extract of Article 2 of the Annex of Recommendation 2003/361/EC

Република Македонија и според него трговските друштва се поделени на : микро, мали, средни и големи претпријатија.

Според член 470 од Законот за трговски друштва за микро се смета трговец кој во секоја од последните две пресметани години, односно во првата година од своето работење ги задоволил следните два критериуми:

- Просечен број на вработени, врз основа на часовите на работа, да е до 10 работници;
- Бруто-приходот остварен од трговецот од кој било извор да не надминува 50.000 евра во денарска противвредност.

Мал трговец е трговец кој во секоја од последните две пресметани години, односно во првата година од своето работење задоволил два од можните три следни критериуми:

- Просечен број на вработени, врз основа на часовите на работа, да е до 50 работници ;
- Годишен приход да е помал од 2.000.000 евра во денарска противвредност;
- Просечната вредност (на почетокот и на крајот на пресметаната година) на вкупните средства (вкупна актива) да е помала од 2.000.000 евра во денарска противвредност.

Додека среден трговец се смета трговецот кој во секоја од последните две пресметани години, односно во првата година од своето работење задоволил два од можните три критериуми:

- просечен број на вработени, врз основа на часовите на работа, да е до 250 работници
- годишен приход да е помал од 10.000.000 евра во денарска противвредност
- просечната вредност (на почетокот и на крајот на пресметаната година) на вкупните средства (вкупна актива) да е помала од 11.000.000 евра во денарска противвредност.

Табела бр. 2 Класификација на деловните субјекти во Република Македонија

Деловни субјекти	Број на вработени	Обрт на средства	Биланс на состојба
Микро	<10	≤ 2 милиони евра	≤ 2 милиони евра
Мали	<50	≤ 10 милиони евра	≤ 10 милиони евра
средни	<250	≤ 50 милиони евра	≤ 43 милиони евра

Извор: Закон за трговски друштва службен весник

7.2. Карактеристики на малите и средни бизниси

Доколку се размислува за отпочнување со мал бизнис, или пак се сака подобро да се разберат малите бизниси треба да се земат во предвид следните карактеристики на малите и средни бизниси:

Непосредност во деловните односи и односите со вработените;

Сопствениците на малите и средни бизниси воспоставуваат најчесто непосредни, дирекни, но и поблиски односи со вработените, потрошувачите, доставувачите и банките.

- Флексибилост. Флексибилноста е една од основните карактеристики на малите бизниси. Тоа означува можност на малите и средни бизниси да ги менуваат своите активности и брзо да реагираат на промените на локалниот пазар. Флексибилноста исто така овозможува и преземање на брза корективна акција на веќе донесена одлука. Таа може да се однесува на различни аспекти на асортиманот, обемот, цените и сл.
- Менаџмент на една личност. Малите бизниси во почетокот од својот развој се менаџирани од една личност, сопственикот односно основачот на малиот

бизнис кој најчесто располага со општи познавања, со неограничен авторитет и со одговорност во управувањето.

Исто така сопствениците –менаџерите на мали претпријатија ги донесуваат сите одлуги стратешки, тактички и одлуки поврзани со развојот и работењето.

- Претприемачки дух – со цел да се оствари ваквиот менаџмент на една личност во малите бизниси сопствениците на мали бизниси се високо мотивирани, оптимисти, полни со енергија и желба за успех. Тие не се плашат и гледаат на работите поинаку. Успешните мали бизниси се основани од страна на успешни и упорни луѓе.

  Претприемачите се луѓе со комбинација на уникатни особини и вештини. Најчести карактеристики кои може да се забележат кај претприемачите се: ориентираност кон целта, посветени на нивниот бизнис, праткични и позитивни, креативни, имаат добри комуникациски вештини, подготвени да преземат ризик и постојано бараат можности да се подобрат.

  Вештините и знаењата кои треба еден претприемач да ги поседува се знаења од областа на: финансии, продажба и маркетинг, техничките вештини, производство, човечки односи и сл.

- Ограничени финансиски средства - Повеќето мали бизниси имаат проблеми при добивањето на финансиски средства. Тие не секогаш имаат доволно парични резерви за да го прошират бизнисот, односно немаат доволно средства за финансирање на раст и зголемување на можностите.

  Основна причина за ова е тоа што сопственици на мали бизниси немаат гаранција која би им ја понудиле на кредиторите (банките), а добивањето „необезбедени" финансии е речиси невозможно.

- Независност. Малите претпријатија се карактеризираат со независност. Нивните сопственици уживаат во автономијата која им овозможува да дојде до израз иницијативата, инвентивноста и амбициозноста. (Шуклев, 2009)

- Висока стапка на неуспех - Поради слабостите и проблемите, поголемиот дел малите бизниси не успеваат а оние кои успеваат да преживеат не секогаш го достигнуваат својот полн потенцијал. Причините за неуспехот обично се поврзани со лошото управување и / или недостатокот на средства.

- Мал придонес во даноците - Поради ниската профитабилност, малите бизниси не се значајни придонесувачи во даноците на профит. Нивниот економски придонес главно е преку вработувањето и преку даноците на потрошувачка на стоки и услуги што се купуваат и продаваат.
- Ниски трошоци за создавање на работно место - Малите бизниси вработуваат луѓе за кои малиот бизнис иневстира како трошоци за работна сила и кои трошоци се значајно пониски од трошоците за големите бизниси кои користат „системи“
- Лични награди – Да се биде сопственик на мал бизнис и да се раководи со него е многу благородно. Како сопственици, тие се одговорни за сопствените успеси и имаат слобода да донесуваат одлуки и да ги имплементира . Од финансиски аспект исто така нивната работа е лична награда.

Покрај претходните карактеристики иманентни се и следниве:

- кратки канали на комуникација;
- специјализација за производи и услуги;
- едноставно влегување и излегување од бизнисот ;
- иницијатива за остварување на профит ;
- остварување на интересот на заедницата.

7.3. Форми на организирање на малите и средните бизниси

Најголем дел од бизнисите се мали. Во оваа група се среќаваат од микро бизниси, во кои работи само сопственикот и неговоте тесно семејство, па се до бизниси кои со својата големина се доближуваат до бизниси со средна големина.

Сопствениците на мали и средни бизниси можат да изберат некој од основите форми на организација како што се: единствен сопственик, партнерство и корпорација. Покрај нив постојат и други форми како на пример; заедничко вложување, S- корпорација, деловен труд, кооператива, компанија со ограничена одговорност. Во принцип малите и средни

бизниси најчесто се организираат како партнерство, командитно друштво или како друштво со ограничена одговорност.

Во Република Македонија според Законот за трговски друштва, деловните субјекти можат да бидат организирани како: трговец - поединец, јавно трговско друштво, командитно друштво, друштво со ограничена одговорност, акционерско друштво и командитно друштво со акции[9].

Трговец- поединец е физичко лице, кое, во вид на занимање врши некоја од трговските дејности, предвидени во Законот за трговски друштва. Трговец- поединец за своите обврски одговара лично и неограничено со целиот свој имот.

Јавно трговско друштво е трговско друштво во кое се здружуваат две или повеќе физички или правни лица, кои за обврските кон своите доверители одговараат неограничено и солидарно со сиот свој имот. Јавното друшто се основа со договор за друштвото склучен меѓу содружниците.

Додека командитно друштво е трговско друштво каде се здружуваат две или повеќе физички и правни лица, но за разлика од јавното друштво, кај командитното друштво најмалку еден од содружниците одговара за обврските на друштвото со сиот свој имот односно неограничено, а најмалку еден содружник одговара за обврските на друштвото до висината на својот влог.

Друштвото со ограничена одговорност (ДОО) е трговско друштво во коишто едно или повеќе физички и правни лица учествуваат со по еден влог во однапред определена основна главнина на друштвото. ДОО може да биде основана од едно или повеќе физички и правни лица, но може да има најмногу до 50 содружници. Кога друштвото има еден содружник се нарекува друштво со ограничена одговорност од едно лице или ДООЕЛ. Влоговите од соодружниците може да бидат со различна големина, можат да бидат непарични или парични, но поединечниот влог неможе да биде помал од 100 евра во денарска противвредност.

[9] Закон за трговски друштва, Службен весник на Р.М. 28/2004;

Во акционерското друштво акционерите учествуваат со влогови во основната главнина на друштвото, која е поделена на акции. Акционерите не одговараат за обврските на друштвото. Друштвото може да се основа со јавен повик (сукцесиво) и без јавен повик (симултано). Доколку акционерското друштво се основа симултано, без јавен повик тогаш најмалиот номинален износ на основната главнина изнесува 25.000,00 евра во денарска противвредност, а доколку се основа со јавен повик тогаш најмалиот номинален износ на основната главнина треба да изнесува 50.000,00 евра во денарска противвредност. Додека номиналниот износ на една акција не може да биде помал од едно евро во денарска противвредност според средниот девизен курс објавен од Народна банка на Р.Македонија, ден пред усвојување на статутот, односно ден пред промена на вредноста на основната главнина.

Основната главнина на командитно друштво со акции е поделена на акции, но за разлика од акционерското друштво, во командитното друштво со акции еден или повеќе содружниците одговараат неограничено и солидарно се целиот свој имот (командитори), а неколку содружници одговараат ограничено, имаат својство на акционери, за обврските на друштвото, односно нивната одговорност е до висината на својот влог (комплементари).

Во Република Македонија малите и средни деловни субјекти, најчесто, се организирани како ДООЕЛ или ДОО, и покрај големиот број предности што ги имаат акционерските друштва. Вообичаени причини за тоа се недоволната информираност за предностите од емисија на акции, стравот од јавно објавување на финансиските извештаи и преземањето на сопственоста и управувањето со друштвото.

Покрај погореспоменатите форми на организација, малите и средни бизниси можат да бидат организирани и како:

- S корпорација, која за прв пат се појавила во 1954 година. Тоа е посебен вид на корпорација која е изменета од повеќекратното одаточување. S-корпорација уште се нарекува и вообичаена корпорација. Најважна нејзина карактеристика е тоа што претставува посебен легален ентитет, одвоен од нејзините сопственици кои се акционери.

За прераснување во S корпорацијат треба да се исполнат следните барања (Castaldi, Wortman, 1984): не треба да постојат нерезидентни акционери; треба да постојат само еден вид на акции; не треба да постојат повеќе од 35 акционери од кои сите се поединци или наследници; сите акционери мора да се согласат за избор на S корпорација;

- Зедничкото вложување е форма на партнерство која е создадена со здружување на неколку партнери ангажирани во многу специјализирано подрачје на работење. Во партнерството, партнерите се здружуваат, со цел континуирано работење за профит, а кај заедничкото вложување сопствениците се здружуваат во косопственишство за договорена ограничена намена и за одредено време.

  Во зедничкото вложување не постои поделба на моќта, одговорноста и на должностите како кај партнерството. Како примери за зедничко вложување се ; изградба на брана, изградба на спортки терени и сл.
- Деловен труст е форма на организација во која една личност е назначена да го управува работењето на компанијата преку труст-односи.
- Кооператива е форма на организација во сопственост на патрони, која работи во нивна корист и ги користи нивните услуги.

7.4. Значење на малите и средните бизниси

Малите и средни бизниси се основа за развој на современта економија. Статистичките податоци, за поголем дел од земјите во светот, покажуваат големо учество на малите и средни бизниси во економијата и најчесто опфаќаат дури 99% од вкупниот број на компании.

Значењето на малите и средни бизниси е големо и влијаат врз:

- Намалување на невработеноста. Тие многу повеќе придонесуваат за зголемување на вработеноста отколку големите фирми и на долг рок заземаат голем удел во вкупната вработеност. Тие помагаат и во реструктуирањето на вработеноста, притоа апсорбирајќи го вишокот работници и зголемувајќи ја конкурентноста на пазарот.

Така на пример, во Велика Британија преку нив се остваруваат 59,1% од вработувањето во приватниот сектор, додека во САД, малите бизниси обезбедуваат 55% од вкупните работни места[10]. Микро бизнисите прстставуваат потпора за економијата во ЕУ и истите обезедуваат работа за две лица во просек. (Timmos, 1990)

- Малите и средни бизниси се значајни преку креирањето на БДП и во креирањето на додатна вредност. Малите и средните претпријатија во развиените земји учествуваат со повеќе од 50% во бруто домашниот производ. Во периодот од 2002 до 2008 година развојот на додадената вредност (во проценти) во нефинансиските бизнис економии во ЕУ изнесува 4,2%, наспроти растот кај големите претпријатија кој за овој период изнесува 3,9%. Имено, овие фирми остваруваат ефикасно производство и високи профит, но продуктивноста на трудот е пониска во однос на продуктивноста на трудот во големите претпријатија. Развојот на продуктивноста на трудот во ЕУ за периодот 2002 -2008 година изнесува 2,3%, а кај големите компании е 3,1%[11].
- Малите и средни претпријатија играат единствена, активна и круцијална улога во иновацискиот процес, технолошките достигнувања и подобрувањето на високотехнолошките информациски мрежи. (Almeida, 2004) Експертите се согласни во тоа дека МСП се клучни играчи во иновациските процеси, зашто многу полесно се поврзуваат во регионалните мрежи, во споредба со начинот на којшто тоа го прават големите компании, а креативноста како клучна карактеристика на малите бизниси ја претставува енергијата на претприемачкиот дух и економскиот развој.
- Тие се клучен фактор за воспоставување рамнотежа на микро и макро ниво. Тие придонесуваат за поттикнување на конкуренцијата и намалување на моќта на монополите и олигополите. Една од основните карактеристки на малите и средни бизниси е нивната способност лесно да се прилагодат и брзо да донесуваат одлуки во зависност од барањата на пазарот и благодарение на нивната флексибилност како нивна клучна конкурентска предност малите и

[10] http://www.census.gov/econ/smallbus.html
[11] European SME under pressure, Annual report of EU SMEs 2009, European Commission, 2009

средни бизниси можат добро да функционираат во современите услови на променлива економска средина.

8 МОТИВИРАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ И НИВНО ЗАДРЖУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА

8.1. Дефинирање на поимот мотивација

Бројни теоретичари и психолози во текот на историјата го истражувале поимот мотивација, негово дефинирање и откривање на факторите кои ги мотивираат луѓето. Мотивирањето во тесна смисла може да се објасни како поттикнување на луѓето да ги постигнат целите на компанијата и личните цели, а овие цели се меѓусебно испреплетени и често реализацијата на една индиректна истовремено значи реализација на другите. „Секој сака поголема мотивација, но не е сосема сигурен што е, некои велат дека сакаат да бидат повеќе мотивирани, менаџерите и водачите велат дека сакаат повеќе мотивиран тим или група, а работодавачите сакаат да ангажираат мотивирана личност. На пример, лицето што го бараат и сакаат да го вработат треба да биде самомотивирано“ (Richard, 2000)

Во тој поглед, манипулацијата наспроти водењето и управувањето со човечките ресурси преку мотивација се разликува во ситуација кога мотивираните вработени и менаџерите се „здружат” и делуваат заедно во остварување на заедничката цел. „ На едноставна перцепција манипулацијата ќе биде референца за некој да направи нешто, бидејќи ние сакаме да го стори тоа, а мотивацијата наведува некого да направи нешто, бидејќи тој сака. Тоа е разликата” (Richard, 2000)

Со цел подигање на општите лидерски вештини и да се постигнат целите на компанијата, од страна на менаџерите треба соодветно и континуирано следење и оценка на ефикасноста на работата на вработените. Следењето и поттикнувањето индивидуална ефикасноста на вработените е важна претпоставка за следење и подобрување на целокупната организациска ефикасност на бизнис системот. „Мониторинг и евалуација на претпоставката вршење на работата е континуиран процес на евалуација и водство на однесувањето и перформансите во работна состојба. Се претпоставува развој на системи, индикатори и методи за следење на ефикасноста на работата на секој поединец. Тоа е составен дел од управувањето со перформанси како нова и растечка важност на управување со задача" (Bahtijarević Šiber, 1999)

8.2. Користење на мотивациски техники за управување со човечките ресурси

Мотивацијата на вработените е една од техниките за управување со човечки ресурси за постигнување на целите на компанијата, а применетите техники за мотивација ќе зависат од одлуката на менаџерот врз основа на релевантна проценка на мотивацискиот метод за постигнување на најголем ефект или задоволен вработен со крајна цел за постигнување на организациските цели.

Една од главните задачи е да се дефинираат организациските цели и системот за наградување, што е предуслов за добро познавање и разбирање на начините на мотивација на вработените и знаењето и компетентноста на раководството на луѓето.

Исто така, неопходно е да се има познавање на психологијата. Наградувачкиот и мотивирачки систем не може да зависи од индивидуалното однесување и ставовите на менаџерите, туку е составен дел на деловната и развојната политика, дефинираните правила и стандардите на деловниот систем.

Материјална мотивација во функција на помош на човечките ресурси. Една од основните техники за мотивирање на вработените е материјалната мотивација. Материјалната, односно финансиската компензација е составена од различни облици

на мотивирање кои се насочени на осигурување и подобрување на материјалната позиција на вработените и финансиската компензација за работа. Со оглед на степенот на директност на финансиските односи на финансискиот приход, двата основни вида на паричен надоместок се: директни финансиски добивки кои ги добил поединец во „готовина“ и индиректни материјални добивки кои придонесуваат за зголемување на материјалните стандарди на вработените, кои не се заработени во плати или во форма на готовина.[12]

Плата како фактор на мотивација за работа. Парите се очигледно најстари и „најочигледни“ начини за мотивирање на работата. Несомнено, тоа е исто така еден од најважните проблеми што привлекува сè повеќе и повеќе внимание поради големото влијание што го има врз работата и односите во работата. Ако сте платени за директна функција на зголемување на продуктивноста на трудот, станува збор за фактот дека секое зголемување на платата не води до зголемување. Затоа се надоврзува и стимулативиот дел од материјалното мотивирање.

Поттикнување (стимулативен дел) на плата. Стимулативниот дел од платата е насочен кон поттикнување и обезбедување на континуирано постигнување на оптимални параметри на работење, како од аспект на бизнис перформансите на компанијата, така и од вработените. Сепак, треба да се има на ум дека не може да биде ориентиран кон единствено и постепено зголемување на вработените инвестициски резултати, бидејќи тоа ќе доведе до исцрпување на вработените, а исто така и пад на квалитетот на производот и непропорционално зголемување на трошоците. Материјалната мотивација е еден од основните фактори врз кои се заснова организациската практика на мотивирање на работата. Тоа е директно под влијание на организацијата, нејзината политика и пракса. Напредокот, статусните симболи, признанија, плати и други материјални надоместоци се видливи механизми за распределба на одредени награди и оценување на работата во рамките на политиката и практиката на секоја одделна организација.

[12] Bahtijarević- Šiber Fikreta, Management ljudskih potencijala (1999). Zagreb, Golden marketing, str. 604

Мотивацијата како фактор за ангажирање на вработените. Истражувањата покажуваат дека поголемиот дел од ангажманот доаѓа од нечиј однос и соработка со шефот. Ова е важна точка што вреди да се повтори. Дали некој се чувствува ангажиран на работа или не обично се заснова на нивниот однос со претпоставениот. Ова значи дека менаџерите треба да ја преземат одговорноста, како менаџер, за ангажман на нивниот тим. Сигурно постојат надворешни фактори кои се надвор од нивната контрола.

Менаџерите се одговорни за ангажирањето на нивниот тим. Но, не постои ниту еден универзален модел за тоа како да се предизвика ангажирање.

Според Kruse (2009), прво менаџерите се оние кои можат да влијаат на ангажманот. Второ, работите што можете да ги направите за да го направите ангажманот за кои не треба многу време или пари се (Dubrin, 1990):

- комуникација;
- раст;
- признание;
- доверба.

Поединците имаат различни параметри или предизвикувачи за да се чувствуваат ангажирани на работа. Важно е менаџерот да го запознае секој од вработените и така менаџерот ја приспособува поддршката за раководството, но исто така е важно да ги разбере сопствените преференци, кои можат да влијаат врз стилот на лидерство. На пример, знам дека сум зависник од напредување. Она што навистина ме ангажира е кога имам голем предизвик, учам нови работи и развивам нови начини. Признанието е убаво, но јас всушност не се грижам за тоа толку многу и личната пофалба ме нервира (Kruse, 2009). Доколку менаџерот се познава себеси добро, тој може подобро да се приспособи и подобро да влијае на вработените, тогаш ќе биде и повеќе свесен за акција за признавање ако сака да ги ангажира членовите на тим. (Kruse, 2009)

8.3. Мониторнинг и управување со успешноста на вработените

Следењето и управувањето со успешноста на вработените се состои од низа задачи кои се одговорност на менаџментот на човечки ресурси, денес една од најважните функции во рамките на компанијата. За подобар увид во темата, подолу се наведени некои клучни дефиниции.

Следењето на успешноста е континуиран процес на евалуација и насочување на однесувањето и резултатите од работата во работна ситуација. (Bahtijarevic-Šiber, 1999) Претпоставува развој на системи, индикатори и методи за следење на перформансите и континуирана и систематска проценка и евалуација на успешноста на секој поединец. (Bahtijarevic-Šiber, 1999) Проценката може да се одвива преку неформален разговор помеѓу вработениот и неговиот или нејзиниот претпоставен или може да биде процес во повеќе чекори.

Управувањето со успешноста е процес преку кој менаџерите обезбедуваат сите активности и резултати на вработените да бидат во согласност со поставените цели на организацијата. Некои од предностите на добар систем за мерење на перформансите се поттикнување на развојот на вработените, наградување на успешноста, јасно разбирање на работните задачи и повратни информации за постигнатите резултати, или поточно, за постигнатите перформанси.

8.3.1. Дефинирање на успешност

Успехот е концепт што може да се толкува многу различно, секоја личност има своја перцепција за успехот, може да се каже дека успехот е всушност многу субјективен концепт. Во овој труд, фокусот е на успехот во бизнисот, поточно, на успехот на вработените, неговото значење за организацијата, неговото мерење и на крајот неговата награда.

За една организација, успехот претставува постигнување на поставените цели, или поточно, бизнис што генерира профит. Сепак, ова сигурно не е единствениот параметар според кој се мери успехот на компанијата. Успешна компанија е онаа во која има добра

работна клима, во која вработените се чувствуваат удобно и како резултат на тоа, се максимално ангажирани во остварувањето на планираните вредности и се праведно наградени за тоа.

Од друга страна, успехот за поединец кој е задоволен и мотивиран во својата работа може да значи постигнување на поставените цели, што може да обезбеди трансфер од претходната работа на подобра работа на исто хиерархиско ниво или унапредување на повисоко хиерархиско ниво, на позиција што вклучува посложени задачи за кои поединецот ќе биде подобро платен. Најчестата алтернатива на трансферот е зголемување на редовната плата.

Кога се разгледува формата на надомест, дефинитивно треба да се земат предвид мотивациските фактори на секој вработен поединечно.

Проблемите што произлегоа од дефиницијата за успех станаа очигледни кога организациите се соочија со помалку простувачка средина каде што растот не можеше да ги скрие грешките што стануваа сè поскапи (Collins, 1999). Сепак, организациите имаат огромен капацитет да го одредат успехот за своите членови (Collins, 1999). Успехот на поединецот често се дефинира во рамките на организацијата, така што може соодветно да се препознае и награди, и на тој начин да дејствува како мотиватор за успех за поединецот кој постигнал успех, но и за другите учесници во организацијата (Collins, 1999).

Компаниите кои знаат да го препознаат и наградуваат трудот, одговорноста, креативноста и натпросечната посветеност, преку поттикнување на овие квалитети и особини преку наградување на успешно завршената работа, инвестираат во самиот вработен, мотивирајќи го да остане во компанијата, но ефектот е позитивен и за другите вработени и следствено може да влијае врз привлекувањето нови талентирани и квалитетни работници.

8.3.2. Цели на следење на успешноста

Примарната цел на мерењето на успешноста на вработените е да се подобри работниот учинок и да се постигнат организациските планови. Ќе треба да се спроведува

континуирано и неколку пати годишно за задоволство и на работодавачот и на вработениот.

Други цели за мерење на перформансите се: (Sikavica, 2008)

- обезбедување систем за стимулативни награди;
- одредување на индивидуалниот и организацискиот потенцијал;
- професионална ориентација и вработување;
- утврдување на потребите и плановите за образование и обука;
- одредување на разликите помеѓу сегашните и идните потреби;
- индивидуален кариерен развој итн.

При оценување на луѓето, треба да се обрне внимание на следните елементи од карактеристиките на една личност (Vujic, 2004):

- видови способности - примарни ментални (ментални и организациски);
- карактеристики на личноста - темперамент и примарни човечки особини;
- етички доблести на личноста - принципи и морални навики на однесување во меѓучовечките односи;
- деловни достигнувања - планирање, донесување одлуки и контрола, организирање и координирање, работни перформанси (економичност, профитабилност и продуктивност), односи со разузнавачките служби и личен развој.

Следењето на успешноста е корисно и за организацијата и за поединците и додека организацијата добива повратни информации за работните перформанси и квалитетот на секој вработен поединечно преку моделот за следење на успешност и благодарение на овие податоци, може да ги разликува вработените и да применува различни модели на наградување или корекција за нив, вработените, од друга страна, добиваат повратни информации за нивната работа и упатства за понатамошен кариерен развој.

8.3.3. Критериуми за работна успешност

Критериумите се стандарди што можат да се користат како мерило за постигнување успех или неуспех на вработените. (Robertson, 2020) Без јасни критериуми, процесот на вреднување на трудот на вработените би бил многу потежок. Најчесто користените критериуми во повеќето компании се: професионално знаење, вештини за писмено и усно изразување, способност за идентификување и решавање проблеми, креативност и иновативност, независност и одговорност на работа, преговарачки вештини, квалитет и планирање на работата, подготвеност за промени, тимска работа и работа со нови вработени, како и способност за донесување одлуки и мотивирање на колегите (Vujic, 2004).

Вработените дефинитивно треба да бидат запознаени со сите критериуми врз основа на кои ќе се оценува нивната работа, а задача на претпоставениот е да ги запознае со нив.

8.3.4. Извори на информации за успешноста

Оценувачот може да биде лице кое го познава однесувањето на работното место и кое директно го набљудува однесувањето на работното место. Во однос на изворот на информации за перформансите, постојат неколку можности, од кои некои се користат почесто во пракса, а некои поретко. Во модерното време, организациите сè повеќе ги користат клиентите, или корисниците на услуги, како евалуатори.

Улогата на евалуатор може да вклучува:

- Менаџери. Менаџерите најчесто ја оценуваат работната ефикасност на вработените, поточно, на нивните подредени. Ова е една од нивните клучни улоги во организацијата. Првичната претпоставка дека тие го имаат потребното знаење за сите барања на работното место и дека се свесни за стандардите и очекувањата во врска со работните перформанси е обично оправдана; тие ја следат работата на вработените и спроведуваат интервјуа за конечна проценка со нив. Проблем што може да се појави кога менаџерите ги оценуваат

вработените е субјективноста, односно фаворизирањето кон одредени вработени, што дефинитивно треба да се минимизира.

- Колеги. Колегите се добар извор на информации за перформансите, особено на работни места каде што менаџерот нема можност да го набљудува вработениот. Вработените се оценуваат едни со други освен себеси. Слично на претходниот извор и овој има можност за пристрасна евалуација. Исто така, може да доведе до недоверба кај колегите, што последователно може да има многу негативно влијание врз работната клима. Од друга страна, како предност на овој извор, треба да се истакне зголемувањето на објективноста на проценката поради многу поголемиот број на проценувачи.
- Подредени. Подредените се важен извор на информации за работата на менаџерот, односно за неговото однесување кон подредените. Вообичаено е проценките да се прават анонимно и од повеќе подредени, со цел да бидат што е можно пообјективни. Подредените најчесто оценуваат некои од следниве менаџерски вештини: тимска работа, комуникациски вештини, лидерство, планирање и развој на луѓе и слично. Ова е начин менаџерите да добијат директни повратни информации за нивните перформанси од оние врз кои тие најдиректно ги манифестираат. (Bahtijarevic-Šiber, 1999)

  Предноста на овој извор, како и на претходниот е објективноста, бидејќи мнозинството вработени оценуваат едно лице, претпоставениот.
- Самооценување. Самооценувањето е извор на информации од вработените за себе, или поточно, за нивната работа. Проблем што може да се појави со самооценувањето е пренадуената проценка, особено ако проценките ќе се користат за административни одлуки (на пр., за зголемување на платите). Исто така, при самооценувањето, вработените честопати се склони да ги препишат лошите резултати на надворешни причини (колеги, претпоставени).

  Фундаментална претпоставка за зголемување на објективноста и критичноста на самооценувањето е луѓето да разберат дека самооценувањето на учинокот има првенствено развојна цел и дека се стреми кон напредок и подобрување, а не кон критикување. (Bahtijarevic-Šiber, 1999) Самооценувањето најдобро се користи пред интервју за оценување со супервизор, за интервјуто да биде

конструктивно и за менаџерот и проценителот да можат да се фокусираат на областите на несогласување.

- Клиенти. Клиентите сè повеќе ја играат улогата на евалуатори, кои се користат како вреден извор на информации за успехот на организацијата и нејзините вработени. Тие се значајни играчи на пазарот, продажбата и обезбедувањето услуги од страна на компаниите што постојат на пазарот се фокусирани на клиентите, односно на нивните потреби. Незадоволството на клиентите ќе резултира со пад на продажбата, па затоа не е изненадувачки што огромното мнозинство компании вложуваат дополнителни напори и финансиски ресурси токму во истражување на своите желби и потреби.

  Вообичаени начини за добивање оценки од надворешни клиенти и клиенти вклучуваат специјализирани прашалници, телефонски интервјуа, тајно купување и други стандардни техники со кои се обидуваат да добијат мислење за перформансите на поединечен вработен, оддел или организација како дел од целокупната проценка на нивните перформанси. (Bahtijarevic-Šiber, 1999) Постојат две ситуации во кои е соодветно да се користат клиентите како извор на оценки за перформансите на вработените: првата е кога работата на вработениот бара директна услуга на клиентите или поврзување на клиентите со други оддели во компанијата; а втората е кога компанијата сака да собере информации за да утврди какви производи и услуги сакаат клиентите. (Bahtijarevic-Šiber, 1999) Недостаток на оваа форма на оценување се трошоците што ги бара, а кои најчесто се трошоци за печатење, испраќање на прашалникот по пошта, телефонски повици и трошоци за работната сила што ги обработува собраните податоци. Поради горенаведеното, тие најчесто се одржуваат еднаш годишно.
- 360 степени на повратни информации. Повратните информации од 360 степени се систем за евалуација на работните перформанси на поединецот од страна на сите горенаведени евалуатори. Тоа му овозможува на секој поединец да ја разбере сопствената ефикасност од гледна точка на другите и му дава информации за тоа што треба да направи за да напредува во кариерата. Исто така, важно е да се нагласи дека користењето на горенаведениот систем за

проценка го намалува ризикот од дискриминација бидејќи кога повратните информации за вработениот доаѓаат од повеќе извори, можноста за дискриминација се намалува, на пример. пол, националност или возраст. (Bahtijarevic-Šiber, 1999)

Повратните информации што ги добива вработениот му даваат увид во вештините и однесувањата што се потребни на компанијата за да ја постигне својата мисија, визија и цели, живеејќи ги своите прогласени вредности.

9. ВРАБОТУВАЊЕТО НА СТРАНЦИ И НЕГОВОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ УПРАВУВАЊЕТО СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

8.4. Концептот на вработување на странци и неговите причини

Пред да зборуваме за концептот на вработување, треба да ја дефинираме работата, која всушност претставува доброволен психички и физички напор кој е со цел извршување на

одредена задача во производството на добро и услуга, исто така самата работа се дефинира како однесување, активност или пак трошење на енергија која се одвива според регулиран план и бара извршување на одредени функции наменета за постигнување на одредена продуктивна цел. (Abd al-Rahman, 2017)

Од друга страна економистите Адам Смит и Рикардо веруваат дека работата е извор на вредности, а работник е човек кој работи во професија или бизнис кој ги извршува работните задачи. (Abd al-Rahman, 2017)

Според тоа, вработувањето на странски лица се дефинира како лица кои не се родени во земјата и кои немаат нејзино државјанство, а работат или сакаат да работат, каде најголемиот дел од трудовото законодавство го регулира вработувањето на странски работници со пропишување дека тие мора да добијат лиценца за ангажирање во делото. Постојат неколку термини кои се однесуваат на странски работници, како што се: вработување на иселеници и работници – мигранти, поединец кој дошол во друга земја за одредена цел, без разлика дали е тоа за работа или пак само посета.

Сите социјални, економски и популарни истражувања за миграцијата се согласуват дека таа претставува движење од една во друга средина. Доколку таа транзиција се одвива надвор од границите на матичната државата тогаш истата се дефинира како надворешна, доколку имиграцијата се случува во границите на матичната држава се дефинира како внатрешна. (Dalal, 2017) Според економистите, мотивот кои ги потикнува луѓето на миграција повеќето се од економски причини. Мигрантите, воглавно барат подобар начин на живот како и подобра работа. Миграцијата генерално има тенденција да биде во области каде што нема економски напредок и каде таквите можности зависат од анализата од феноменот на фактори на протерување и привлекување на имигранти кои ги напуштаат своите домови за потрага по подобра работа која би им донела поголема економска стабилност.

8.5. Економски ефекти од управувањето со човечките ресурси

Првите почетоци на истражувања за ефектите од миграцијата на населението започнале во 18 век од страна на неколку економисти кои започнале со диксусија за односот помеѓу населението и економските ресурси, во период кога преовладувале економските и социјалните теории кои нагласувале дека големината на населението на една земја се определува со достапноста на основните животни ресурси.

Во овој случај, имиграцијата земена од факторите кои влијаат на популацијата (без разлика дали се намалува или зголемува), која пак влијае на достапните ресурси во земјата. „Таунсенд“ и „Кантилон“ сметаат дека миграцијата е една од факторите кои влијаат на нерамнотежата меѓу населението и ресурсите како и на ефектите од миграцијата врз понудата на работна сила, платите и животниот стандар на анселението.

Миграцијата го зајакнува глобалниот економски раст, придонесува за развојот на нациите и општествата, ги збогатува многу култури и цивилизации и има важна улога, без разлика дали е на национално или глобално ниво.

Миграцијата ја црпи својата важност од фактот дека (232) милиони меѓународни мигранти сочинуваат 2,3% од светското население до 2013 година, а овој број постојано расте од 1990 година и во многу земји во развој.

Мигрантите се важен извор на приход повеќе од официјална развојна помош или странски директни инвестиции во повеќето делови на светот, мигрантите не се користат само за извршување на работни места кои не ги извршуваат жителите на матичната земја, туку и се вработени во активности со висока вредност каде што домородните луѓе немаат или не поседуваат вештини за извршување на тие работни задачи. Мигрантите придонесуваат и за благосостојбата на земјата-домаќин и имаат важна улога во поддршката на развојот и намалувањето на сиромаштијата во земјите.

9. ПРИЧИНИ И МОТИВИ ЗА ИСЕЛУВАЊЕ ОД РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Како еден посебен општествен феномен иселувањето од една држава не секогаш постоело и не секогаш се одвивало со ист интензитет. Во последните неколку децении во Република Северна Македонија, голем број на семејства, привремено или постојано ја наоѓаат својата егзистенција далеку од матичната држава.

Мотивите за овие ислеувања се еден од најсуштествените проблеми, а причините се повеќестрани и комплементарни. Сепак, за едни, во една одредена општествено-економска констелација најголемо влијание може да имаат едни мотиви, додека пак за друг во исто или во неко поново време може да влијаат сосема други и различни причини за миграцијата во друга држава.

Постојат повеќе поделби на факторите (причините) за миграциите. Една од најчестите поделби и поделба на која и се дава најголемо значење е економијата во државата, сепак не се изоставуваат и социјално-психолошки, кои се извлекуваат од економските и со кои главно се утврдува степенот на задоволството или незадоволството на населението од неговата општествена положба.

Исто така, многу е раширена поделбата на репулзивни фактори, кои населението го „бркаат“ од емигранските подрачја и на атрактивни фактори, кои населението го „привлекуваат“ во земјите на имиграцијата или т.н. push-pull концепција. (Ристо К., 1985)

8.6. Економски мотиви

Основниот мотив кој ги терал претежно сите Македонии да се иселуваат е детерминиран од економски причини. Еден од основните проблеми е земјиштето и неговата обработка кое дава можност за егзистенција на ограничен број луѓе. Од друга страна, постојано растел наталитетот и тоа обично по селата. Бројот на гладни усти кои чекаат храна постојано се зголемувал. Се појавува и проблемот на пренаселеност. За да се ублажи ваквата состојба „прекубројните” оделе во економско поразвиени и стабилни држави. Во почетокот оделе само мажите од семејствата со многу деца, за да заработи за себе и за членовите на своето семејство кои во почетокот останувале дома.

Првобитната намера им била да се вратат побрзо, но повеќето од нив останувало сè до остварувањето на правото за американска пензија. Имало случаи да одат момчиња и од 15-16- годишна возраст, иако било повообичаено прво да се оженат, па потоа да заминат. Имало случаи на луѓе кои и не се вратиле. Тие луѓе биле и клучен фактор за привлекување на другите Македонци за иселување.

Тешката економска положба во Македонија, тоталната сиромаштија која царувала во македонските домови, гладот кој уште повеќе се зголемил со внесувањето на колективите, создава ситуација да има случаи на константно иселување. Таквото иселување не одело многу брзо, туку како што оделе членовите на одредени семејства, така со себе го повлекувале и поширокиот круг на своите роднини.

Како еден од мотивите кој доаѓа заедно до економска основа се и неповолните услови за работа особено во земјоделството, градежништвото и производството, вбројувајќи ги и оние кои не сакаат да се занимаваат со тоа. Деаграризацијата како објективен економски процес, се појавува со започнувањето на индустрискиот развиток и развој на другите неаграрни дејности. Ниските плати, ниската доходовност, необезбедното здравствено и

пензиско осигурување како и други причини влијаеле населението да ја напуштат својата матична држава.

Ваквото иселување и барање работа во друга држава, влијае на зголемување на невработеноста а со тоа се јавуваат и други проблеми, односно недостиг на работна сила и работоспособно население. (Матевски, 1993)

8.7. Индивидуални мотиви

Како нов мотив би ја споменале и традицијата за одење во странство, како и сознанието дека таму ги чека некој свој. Во рамките на индивидуалните мотиви ќе ја споменеме и желбата за школување во странство. Тоа укажува дека во странство не оделе само сиромашните, но и побогатите, а пред сè нивните деца. Побогатите ги пуштале своите синови и ќерки да одат и се школуваат во странство. Се разбира таков „луксуз" тогаш, но и денес можат да си дозволат оние со „подлабок џеб". Сепак има многу кои заминуваат во странство со цел да склопат брак, да бидат со нивните роднини и блиски. Овие индивидуални мотиви најчесто се препишуваат на психолошки мотиви.

9. УВОЗ НА РАБОТНА СИЛА

Речиси и да не постои економија во Европа која што главно не се соочува со проблемот од недостиг на работници. Сепак секој го поставува прашањето дали самата држава која се соочува со овој проблем навремено реагира и презема одредени мерки за спречување на дефицитот на работна сила или пак увоз на работници. Недостигот на работници во Република Македонија станува се поактуелно и зазема голем замав не во одредени делови од државата, туку низ целата земја, а тоа е веќе видливо во повеќе индустрии и сектори.

Според бизнис- секторот треба што поскоро да се бараат и најдат решенија за проблемот со кој земјава веќе се сооучува. Соседните држави веќе се далеку понапредни во однос на решавање на овој проблем, односно се со голема организација со цел привлекување на странска работна сила во нивните работни средини, а напорно работат и кон интеграцијата на таа работна сила во нивните држави. Европските држави пр. Грција и Бугарија, интегрираат годишно околу 45 000 работници од странство од кои повеќето се во сектори кои се трудоинтензивни. Одредени држави пак, како: Србија, Албанија и Црна Гора значително го олеснија процесот за добивање на времена дозвола за работа и престој на странци.

Според направена анализа, земјите од регионот значајно го имаат зголемено бројот на работни дозоволи кои се издадени на странци. Според анализата, Грција го надминува бројот од 167.000 работни визи на странци. Во Бугарија претходната година се издадени

речиси 40 000 визи, Србија ги брои 35 000 додека во Албанија има речиси 20 000 работни визи на странци.

Слика 4. Број на издадени работни визи во земјиве и регионот



Извор. преземено од https://meta.mk/uvoz-na-rabotna-sila-shto-se-sluchuva-vo-regionot-a-shto-vo-makedonija/

Сепак, нема држава каде нема увоз на работна сила, а овој тренд во нашата држава е процес кој веќе трае скоро пет години. Најмногу на таргет се држави од далечниот исток и неразвиените држави. Со цел да се избегнат тешкотии во одржување на бизнисот треба да се обезбеди трајна стратегија која ќе го дефинира интересот на државата и бизнисот. Македонија е држава која во просек издава 5 000 работни визи за странци, но таа може да биде и преголема. Најголем број на недостаток на работна сила има во секторите на градежништво, угостителство, преработувачка и текстилна индустрија. Од друга страна пак, на крајот од август во земјава имало 104.729 невработени.

Слика 5. Број на невработени во Република Северна Македонија според степен на образование



Извор: https://meta.mk/uvoz-na-rabotna-sila-shto-se-sluchuva-vo-regionot-a-shto-vo-makedonija/

Согласно оваа анализа, бројот на работни места се движи од 7 000 до 10 000. Според структурата на образование и возраст најголемо влијание има кај неквалификувана работна сила која не одговара на потребите на пазарот на труд со 43 000 невработени лица на возраст од 50 до 60 години, а 62 000 лица се без образование или само со основно.

8.8. Ефекти од увоз на работна сила

Процесот со одлив на работна сила им е одамна познат на менаџерите за човечки ресурси и тие водат секојдневна борба со пронаоѓање на квалитет кадар. Овој тренд, кој трае можеби 10 години, во последно време ескалираше. Причините за тоа се познати, а најчесто тоа се: ниски плати, иселување на младото население, далечни работни места за странски компании, сезонска работа во странство и сл. Ефектите од увозот на работна сила може да варираат во зависност од голем број фактори, вклучувајќи го нивото на вештина на увезените работници, големината на работната сила во земјата- увозник и севкупните економски услови на земјите увозници и извозници. Неколку од нив се[13]:

- **Пониски плати:** Увозот на работна сила може да ја зголеми понудата на работници во одредена индустрија или регион, што може да изврши надолен притисок врз платите. Ако работодавачите можат да ангажираат работници од други земји за пониски плати отколку што би требало да ги платат домашните работници, тие може да го сторат тоа, што ќе доведе до пониски плати за домашните работници во таа индустрија или регион.
- **Зголемена конкуренција**: Увозот на работна сила може да ја зголеми конкуренцијата за работни места, особено во индустриите кои во голема мера се потпираат на нискоквалификувана работна сила. Ова може да им отежне на домашните работници да најдат вработување, особено ако увезените работници се подготвени да работат за пониски плати.

[13] Е&Б (2023). *АНАЛИЗА: Ефекти од увоз на работна сила и како се стимулира таквиот процес*, Економија и бизнис

- **Зголемена продуктивност:** Увозот на работна сила, исто така, може да ја зголеми продуктивноста во одредени индустрии. Доколку увезените работници имаат вештини или искуство што се дефицитарни во домашната работна сила, тие можат да помогнат да се зголемат продуктивноста и производството во тие индустрии.
- **Културна разновидност:** Увозот на работна сила може да донесе и културна разновидност во една земја. Ова може да има и позитивни и негативни ефекти бидејќи може да доведе до поголема толеранција и разбирање меѓу различните култури, но може да доведе и до културни судири и конфликти.
- **Одлив на мозоци:** Увозот на работна сила може да доведе до „одлив на мозоци“ во земјата-извозник, особено ако увезените работници се висококвалификувани. Ова може да има негативни последици за земјата извозник бидејќи може да доведе до губење на таленти и вештини кои се потребни за да се поттикнат економскиот раст и развој.
- **Дознаки:** Увозот на работна сила, исто така, може да доведе до зголемување на дознаките бидејќи работниците им праќаат пари на своите семејства во нивните матични земји. Ова може да има позитивни ефекти врз економијата на земјата- извозник бидејќи може да помогне да се поттикнат потрошувачката и инвестициите.
- **Оптоварување на социјалните услуги:** Ако се донесат голем број странски работници, тоа може да ги оптоварува социјалните услуги како што се здравството и образованието.
- **Зависност од странски работници:** Ако земјата-увозник стане премногу зависна од странски работници, тоа би можело да создаде нестабилност на пазарот на трудот доколку тие работници треба да заминат или ако има промени во политиките за имиграција.


8.9. Постапка за издавање на работна дозвола врз основа на барање на работодавач и на корисник на услуги

Поради големиот тренд на иселување од Република Северна Македонија, веќе некои работодавачи ја спровеле постапката за вработување на странци за одредени работни позиции.

Постапката за вработување на странци, односно за издавање на работна дозвола врз основа на барање на работодавач и на корисник на услуги е преставена во член 11 од Законот за вработување и работа на странци и се спроведува како што следи:

Странецот поднесува барање за виза Д во Амбасадата на Република Северна Македонија во земјата од која доаѓа, со сета придружна документација, како што следи:

- Апликација/Барање за издавање на виза (слика бр. 6, на поднесено барање од странец за работа во градежна компанија во Република Северна Македонија);
- Потврда за неосудуваност од неговата држава со апостил со апостил и превод;
- Пасош со апостил и превод;
- Доказ за завршено образование (диплома) со апостил и превод;
- Сертификати со апостил и превод;
- Осигурување со важност од најмалку 3 месеци;
- Образец број 2 Барање за издавање/продолжување на дозвола за привремен престој што го издава Амбасадата на Република Северна Македонија во земјата од која доаѓа (слика бр. 7, на поднесен образец од градежна компанија во Република Северна Македонија);
- Поднесено барање за посредување при вработување од работодавачот;
- Тековна состојба од работодавачот;
- Образложение од работодавачот до Агенцијата за вработување, зашто бара ангажман од странскиот работник.



РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

Барање за издавање на виза
Application for Visa

Бесплатен образец / This application form is free

01. Презиме
Surname(s) (family name (s))

02. Презиме / Презимиња од раѓањето (претходни презимиња)
Surname(s) at birth (earlier family name(s)

03. Име
First names (given names)

04. Датум на раѓање (година, месец-ден)
Date of birth (year – month - day)

05. Број на лична карта (факултативно)
ID-number (optional)

06. Место и држава на раѓање
Place and country of birth
PANDOGA,HIMACHAL PRADESH

7. Државјанство/ства
Current nationalities

08. Претходно државјанство
Original nationality (nationality of birth)

09. Пол
Sex
Машки Male
Женски Female

10. Брачна состојба
Marital status:
Не е во брак Single
Во брак Married
Раздвоен/а Separated
Разведен/а Divorced
Вдовец/Вдовица Widow(er)
Друго Other

11. Име на татко
Father' s name

12. Име на мајка
Mother' s name

13. Вид на пасош:
Type of passport: NATIONAL PASSPORT

Национален пасош National passport
Дипломатски пасош Diplomatic passport
Службен пасош Service passport
Патен документ(Конвенција 1951г.) Travel document (1951 Convention)
Пасош за странци Foreigner' s passport
Поморски пасош Seaman' s passport
Друг патен документ (да се наведе кој): Other travel document (please specify)

14. Број на пасош:
Number of passport

15. Издаден од:
Issued by

16. Датум на издавање:
Date of issue:

17. Важи до:
Valid until:

18. Доколку престојувате во држава која не е ваша матична земја, дали ви е дозволено повторно враќање во таа земја?
If you reside in a country other than your country of origin, have you permission to return to that country?
Не No
Да, (број и важност) Yes, (number and validity)

19. Занимање
Current occupation

For Embassy / Consulate use only

Дата на поднесување :

Барањето го прими:

18. Доколку престојувате во држава која не е ваша матична земја, дали ви е дозволено повторно враќање во таа земја?
If you reside in a country other than your country of origin, have you permission to return to that country?
Не No
Да, (број и важност) Yes, (number and validity)

19. Занимање
Current occupation

20. Работодавач, адреса на работодавачот и телефонски број. За студенти име и адреса на училиштето и телефонски број.
Employer and employer´s address and telephone number. For students, name and address of school.

21. Главна дестинација:
Main destination
Skopje

22. Вид на виза:
Type of Visa
Аеродромска транзитна Виза (виза А) Airport transit (A) visa
Транзитна виза (виза Б) Transit (B) visa
Виза за краткорочен престој (виза Ц) Short stay (C) visa
x Виза за долгорочен престој (виза Д) Long stay (D) visa

123. Виза :
Visa
x Индивидуална Individual
Колективна CollectiveEN

24. Број на влегувања кои се бараат:
Number of entries requested
Еден влез Single entry
Два влеза Two entries
x Повеќе влеза Multiple entries

25. Траење на престојот
Duration of stay
Виза за која се бара за ___365_____ дена.
Visa is requested for: __days

26. Претходно издадени визи (во последните три години) и нивната важност.
Other visas (issued during the past three years) and their period of validity.
No

27. Во случај на транзит, дали Ви е одобрен влез во државата на конечна дестинација?
In the case of transit, have you an entry permit for the final country of destination?
Не No
Да, важност до: Yes, valid until
Издаден од: Issuing authority

28. Претходни престои во Република Северна Македонија:
Previous stays in Republic of North Macedonia:
No

29. Цел на патувањето:
Purpose of travel:
Туризам Tourism
Бизнис Business
Посета на роднини или пријатели Visit to Family or Friends
Култура/спорт Cultural / Sports
Официјална посета Official
Здравствени причини Medical reasons
Останато (да се наведе): Other (please specify):

30. Датум на пристигнување
Date of arrival

31. Датум на заминување
Date of departure

32. Граничен премин при првото влегување или на транзитниот правец
Border of first entry or transit route
International Airport / Skopje

33. Вид на превозно средство:
Means of transport:
AIR

34. Име и адреса на домашното физичко или правно лице кое го поканува странецот како и лице за контакт. Во останати случаи да се наведе име на хотелот или привремената адреса во Република Северна Македонија.
Name of host or company in North Macedonia and contact person in host company. If not applicable, give name of hotel or temporary address in Republic of North Macedonia

Име
Name

Телефон и факс
Telephone and fax

Дополнителна документација:
- важечка и призната ПИ
- доказ за финансиски средства
- покана (доказ за цел/ околности на планиран престој во РМ)
- превозно средство
- фотографија
- документ за патничко осигурување
- решение за привремен престој во РМ (за виза Д)
- доказ за платена такса за обработка на барањето
- друго:

Виза:
- одбиена
- издадена

Тип на виза:
- А
- В
- С
- D

Број на влегувања:
- Еден влез
- Два влеза
- Повеќе влеза

Важи:
од _____
до _____

Важи за:

Целосна адреса на живеење
Full address

Адреса на електронската пошта
e-mail address

35. Кој ги покрива трошоците за пат и за престојот ?
Who is paying for your cost of travelling and for your costs of living during your stay?
Лично Myself
Домаќинот/домаќините Host person/s
Компанијата- домаќин Host company
(Да се наведе кој и како, и да се прикаже соодветната документација):
(State who and how and present corresponding documentation):

36. Средства за издржување за време на престојот:
Means of support during your stay
X Во готово Cash
Патнички чекови Travellers' cheques
X Кредитни картички Credit cards
Сместување Accommodation
Останато: Other:
Патничко и/или здравствено осигурување. Важи до
Travel and/or health insurance. Valid until

37. Презиме на брачниот другар
Spouse´s family name

38. Презиме на брачниот другар од раѓање
Spouse´ s family name at birth

39. Име на брачниот другар
Spouse´ s first name

40. Дата на раѓање на брачниот другар
Spouse´ s date of birth

41. Место на раѓање на брачниот другар
Spouse´ s place of birth

42. Деца (Барањата мора да бидат поднесени поединечно за секој пасош)
Children (Applications must be submitted separately for each passport)

	Презиме Name	Име First name	Датум на раѓање Date of birth
1			
2			
3			

43. Информиран сум и се согласувам со тоа што моите лични податоци кои фигурираат во ова барање за виза ќе бидат соопштени на надлежните власти од Република Северна Македонија и, доколку е неопходно ќе бидат обработени од страна на истите, со цел да се разгледа моето барање за виза. Овие податоци ќе може да бидат внесени и архивирани во бази на податоци во кои ќе можат да имаат пристап надлежните власти на Република Северна Македонија.
На мое барање, конзуларните власти кои го разгледуваат моето барање ќе ме информираат како да го остварам моето право да ги проверам моите лични податоци и да ги изменам или уништам, посебно во случај кога се неточни, во согласност со националната легислатива на Република Северна Македонија.Изјавувам дека колку што ми е познато сите податоци што ги внесов се комплетни и точни.
Познато ми е дека лажни изјави ќе предизвикаат одбивање на барањето или поништување на веќе издадената виза, а исто така може да предизвика судски постапки во согласност со законите на Република Северна Македонија.
Се обврзувам да ја напуштам територијата на Република Северна Македонија по истекувањето на визата, доколку истата биде издадена.
Информиран сум дека добивањето виза е само еден од условите потребни за влез во Република Северна Македонија. Самото издавање на виза не ми дава никакво право на надоместок доколку не ги исполнувам условите предвидени согласно националното законодавство на Република Северна Македонија и според тоа не ми се дозволи влез. Исполнувањето на условите за влез ќе бидат проверени уште еднаш во моментот на влегување на територија на Република Северна Македонија.
I am aware of and consent to the following: any personal data concerning me which appear on this visa application form will be supplied to the relevant authorities in Republic of North Macedonia and processed by those authorities, if necessary, for the purposes of a decision on my visa application. Such data may be input into, and stored in, databases accessible to the relevant authorities in Republic of North Macedonia.
At my express request, the consular authority processing my application will inform me of manner in which I may exercise my right to check the personal data concerning me and have them altered or deleted, in particular, should they be inaccurate, in accordance with the North Macedonian law.
I declare that to the best of my knowledge all particulars supplied by me are correct and complete.
I am aware that any false statements will lead to my application being rejected or to the annulment of a visa already granted and may also render me liable to prosecution under North Macedonian law.
I undertake to leave the territory of Republic of North Macedonia upon the expiry of the visa, if granted.
I have been informed that possession of a visa is only one of the prerequisites for entry into Republic of North Macedonia. If entry is refused I will have no claim to compensation.


44. Домашна адреса на барателот
Applicant´s home address

45. Број на телефон и адреса на електронската пошта (факултативно)
Telephone number e-mail address (optional)

46. Место и датум
Place and date

47. Потпис (за малолетници се потпишува старателот)
Signature (for minors, signature of

Слика 6. Барање за издвање на виза



Обр

азец бр.2

Назив на органот до кој барањето се поднесува
Name of the receiving authority

Приемен штембил
Stamp of receipt

БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ/ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ПРИВРЕМЕН ПРЕСТОЈ

APPLICATION FOR ISSUE/EXTENSION OF TEMPORARY RESIDENCE PERMIT

X право издавање
first issue
☐ продолжување
extension

1. Презиме
Surname KUMAR

2. Порешно, односно родено презиме
Previous surname or name given at birth KUMAR

3. Име
Name AJAY KUMAR

4. Пол X машко ☐ женско
sex male female

5. Име на родителите: татко
Names of parents father: CHANNAN SINGH
мајка
mother DARSHNA DEVI

6. Датум, место и држава на раѓање
Date, place and country of birth 09/10/1997, PANDOGA, HIMACHAL PRADESH

7. Државјанство
Nationality INDIAN

8. Занимање
Profession DUMP TRUCK DRIVER

9. Брачна состојба
Marital status
ќ неженет/немажена ќ оженет/мажена ќ вдовец/вдовица ќ разведен/разведена
X single married widowed divorced

10. Адреса во Република Македонија
Address in the Republic of Macedonia
GD GRANIT A.D. ul. Mile Popordanov br. 44, Skopje

11. Адреса во странство
Address abroad WARD NO 10 KIARI MUHALLA VPO PANDOGA THE HAROLI UNA HOMACHAL PRADESH

12. За кои цели се бара дозволата за привремен престој и за кое време
The reasons for which temporary residence permit is requested and the period

1

За работа, на период од 1 година
For work employment, in a period of 1 year

13. Податоци за лицето врз основа на чиј статус во Република Македонија се бара дозвола за привремен престој:
Information and data about the person based on whose status in the Republic of Macedonia the temporary residence permit is requested

а) Презиме и име
Surname and name

б) Датум, место и држава на раѓање
Date, place and country of birth

в) Државјанство
Nationality

г) Статус на членот на семејната заедница
Status of the family member

☐ семејна заедница ☐ датум на склучување на бракот
family union date of contract of marriage

д) Сродство
family relationship

ѓ) Дали странецот врз основа на чиј статус се бара дозвола за привремен престој има друг регистриран брачен другар со кој веќе живее во Република Македонија

Does the person based on whose status in the Republic of Macedonia the temporary residence permit is requested have another registered spouse with whom s/he already lives in the Republic of Macedonia

☐ да ☐ не
Yes No

е) Дали родителското право на детето за кое се бара издавање на дозвола за привремен престој е поделено

Is the parental right to the child for whom temporary residence permit is requested shared?

☐ да ☐ не
Yes No

ж) Податоци од патната исправа на македонски државјанин/странец кој има регулиран статус во Република Македонија:

Data from the passport of the Macedonian citizen/foreigner who has a regulated status in the Republic of Macedonia

Број на патна исправа
Passport number

Датум на издавање
Date of issue

Со рок на важност до
Valid until

з) Адреса на македонскиот државјанин/странец во Република Македонија
Address of the Macedonian citizen/foreigner in the Republic of Macedonia
Живеење од
Registered from

ѕ) Во случај на непостојење на загранична адреса на живеење. Ве молиме да ги наведете причините

If the same address is not used, please specify the reasons

2

Договор за вработување
Employment Agreement

и) Податоци за постоење на средства за издржување на странецот врз основа на чиј статус се бара дозвола за привремен престој

Information regarding the subsistence means of the foreigner based on whose status in the Republic of Macedonia the temporary residence permit is requested
Надомест за вработување, плата
Salary

ј) Податоци за здравствено осигурување на странецот врз основа на чиј статус се бара дозвола за привремен престој

Information regarding the health insurance of the foreigner based on whose status in the Republic of Macedonia the temporary residence permit is requested
Обезбедено од Работодавачот, ГД Гранит АД Скопје
Ensured by the Employer, GD Granit AD Skopje

14. Патна исправа на подносителот на барањето
Travel document of the applicant: PASSPORT

Надлежен орган кој ја издал патната исправа
The issuing competent authority INDIA

Место и датум на издавање
Place and date of issue SHIMLA,14/11/2017

Број R5516905 Исправата важи до 13/11/2027
Number Document valid until

15.Рок на важење на последната издадена
Period of validity of the last issued

☐ дозвола за привремен престој
temporary residence permit
X дозволата се бара по прв пат
first residence permit requested

16. Датум на влез во Република Македонија 25.06.2024
Date of entry into the Republic of Macedonia

а) оборска за поседување виза: X да : ☐ не
visa requirement Yes No

б) виза број
visa number
важи до Орган кој ја издал визата
valid until issued by

17. Податоци за поседување средства на издржување на подносителот на барањето

Information regarding subsistence means of the applicant
Подносителот ќе има обезбедени средства за издржување, врз основа на Договор за вработување склучен помеѓу подносителот и ГД Гранит АД Скопје.
The applicant will have ensured subsistence means in accordance with the Employment Agreement concluded between the applicant and GD Granit AD Skopje.

18. Податоци за обезбедено сместување во Република Македонија или дека има средства за сместување
Information regarding accommodation in the Republic of Macedonia or possession of means for accommodation

Сместување обезбедено од работодавачот, ГД Гранит АД Скопје, во хотел за работници, на ул. Мише Поп'орданов бр. 44, во Скопје
Accommodation ensured by the Employer, GD Granit AD Skopje, in a hotel for workers on ul. Mile Popjordanov no. 44, in Skopje

19. Податоци за здравствено осигурување
Information regarding health insurance
Обезбедено од Работодавачот, ГД Гранит АД Скопје и Патничко здравствено осигурување
Ensured by the Employer, GD Granit AD Skopje and Travel insurance

20. Податоци дека ги исполнува условите за доволата за привремен престој заради различни причини согласно Законот за странците ("Службен весник на Република Македонија" бр. 35/06 и 66/2007)

3

Information on fulfillment of conditions provided for separate types of temporary residence permit in accordance with the Lawon Aliens ("Official Gazette of the Republic of Macedonia" nr.35/06 and 66/2007)

21. Кон барањето ги приложувам следните документи:
Documents enclosed

Passport, PCC, Educational Certificate, Employment Agreement, Travel Insurance

22. Вид на образование
Type of education 12ма

23. Пред видено траење на престојот: од 25.06.2024 до 24.06.2025
Period of intended stay from to

24. Причина за поднесување на барањето
Reasons for application

Договор за вработување, склучен помеѓу подносителот и ГД Гранит АД Скопје.
Employment Agreement, concluded between the applicant and GD Granit AD Skopje

25. Завршна изјава
Final statement
а) Со оваа потврдувам дека сите податоци наведени во точките 1-24 се целосни, вистинити и одговараат на податоците во приложените документи. Потврдите кои се на друг јазик приложени се на македонски превод.
Hereby I confirm that all information given under items 1-24 are complete, they are true and correspond to the data contained in the documents attached. Certificates made in a foreign language are attached in their Macedonian translation.

б) Со оваа се обврзувам дека секоја промена на личните податоците пред влезот во Република Македонија ќе ги доставам на надлежните органи во Република Македонија, преку дипломатското, односно конзуларно претставништво на Република Македонија.
Hereby I undertake, that I will communicate any change of my personal data to the Macedonian competent authorities through diplomatic or consular missions of the Republic of Macedonia before entering the Republic of Macedonia.

в) Известен сум дека моите лични податоци со цел составување на записник и архивирање ќе бидат информатички обработени.
I take note that my personal data are electronically processed for the purpose of making minutes and filing.

г) Известен сум дека заради непотполни или неточни податоци моето барање може да биде одбиено.
I have been advised that my application may be refused on account of incomplete and inaccurate data.

Во, на ден
In on

Потпис на подносителот на барањето:
Signature of the applicant
Ajay kumar

4

Слика 7. Барање за издавање/продолжување на дозвола за привремен престој

Амбасадата ваквите документи преку системот NVIS ги доставува до Министерство за надворешни работи. Министерството за надворешни работи ги праќа до Министерство за внатрешни работи, Агенција за национална безбедност и Агенција за вработување на Република Северна Македонија на одобрување. Откако сите институции ќе ги одобрат документите, Амбасадата издава ВИЗА- Д.

Во продолжение, член 11 од Законот за вработување и работа на странци[14]:

(1) Барањето за засновање на работен однос со странец во Република Македонија, работодавачот го поднесува до Агенцијата за вработување - Центар за вработување.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член треба да содржи податоци за:бројот на работници, квалификационата структура (специјалноста), за кој вид на работа и временскиот период за кој сака да ги ангажира работниците, опис, услови, место на работа, цената на трудот изразена по единица час, како и изјава дека, доколку бараната работна сила ја нема на домашниот пазар на работна сила, е согласен истата да му биде обезбедена од страна на странски државјанин.

(3) Барањето по кое е добиен одговор од Агенцијата за вработување дека работната сила што ја барал не може да му биде обезбедена од домашниот пазар на работна сила, работодавачот го заверува, потврдува и преку агенцијата за вработување го доставува до дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија во државата од која сака да вработи работници.

(4) Дипломатско-конзуларно претставништво на Република Македонија во странство, добиеното барање од Агенцијата за вработување на Република Македонија го упатува до надлежната служба за вработување на другата држава, со цел за спроведување на постапка за избор на работници, согласно со барањето на работодавачот.

(5) Надлежната служба за вработување на странската држава, по извршениот избор на работници од својата држава, списокот на избраните работници со податоците од ставот (2) на овој член, ги доставува до дипломатско-конзуларното претставништво на Република

[14] Закон за вработување и работа на странци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/2007; 5/2009; 35/2010; 148/2011 и 84/2012).

Македонија, кое истите ги доставува до надлежните служби на Министерството за надворешни работи и Министерството за внатрешни работи во Република Македонија.

(6) Министерството за внатрешни работи по извршената проверка, списокот на работници го доставува до Агенцијата за вработување која го повикува работодавачот во Агенцијата за да изврши избор од списокот на работници и за истите да пополни и потпише договор за вработување.

(7) По извршениот избор, пополнетиот и потпишаниот договор за вработување од страна на работодавачот, Агенцијата за вработување на работодавачот му издава работна дозвола за лицата со кои е потпишан договорот за вработување, која работодавачот заедно со договорот за вработување ги доставува до дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија во соодветната држава.

(8) Дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија во соодветната држава ја известува надлежната служба за вработување на соодветната држава, заради известување и упатување на лицата во дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија во соодветната држава со цел за добивање на виза за долгорочен престој (виза „Д“), односно добивање решение за дозвола на привремен престој во Република Македонија, утврдени согласно со закон.

(9) Барањето на домашен или странски работодавач кој има филијала или друга организациска деловна единица на пазарот во Република Македонија и сака да ангажира странски работници, а по добиен одговор од Агенцијата за вработување дека работната сила не може да му биде обезбедена од домашниот пазар на работна сила, го заверува и согласно со Законот за работните односи може да распише јавен оглас преку кој ќе направи избор од пријавените кандидати.

(10) По извршениот избор и потпишаниот договор за вработување од страна на работодавачот, Агенцијата за вработување на работодавачот му издава заверена копија од поднесеното барање.

(11) Завереното барање за издавање на дозвола за вработување со останатите неопходни документи, согласно со Законот за странци, странецот го поднесува до дипломатско-

конзуларното претставништво на Република Македонија во странство, во државата чиј државјанин е или во државата каде што тој престојува врз основа на дозвола за престој, со цел да започне постапка за добивање на работна дозвола.

(12) Барањето за работна дозвола на странскиот работодавач кој сака да ангажира работници во Република Македонија согласно со членот 15 од овој закон, а кои веќе се во работен однос во странската компанија (трговско друштво), го доставува до дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија, во земјата во која е регистрирана компанијата (трговското друштво).

(13) Барањето за добивање работна дозвола за давање на услуги од странец, корисникот на услугите во Република Македонија го доставува до дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија, во државата чиј државјанин е странецот или во државата каде што тој престојува врз основа на дозвола за престој.

(14) Барањето од ставовите (11), (12) и (13) на овој член треба да содржи податоци за бројот на работници, квалификационата структура (специјалноста), видот на работа и временскиот период за кој сака да ги ангажира работниците во Република Македонија, описот, условите, местото на работа, цената на трудот изразена по единица час, како и договор за работата која ќе биде реализирана.

(15) Дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија, барањето го доставува до надлежните служби на Министерството за надворешни работи и Министерството за внатрешни работи во Република Македонија, кој согласно со законот вршат проверка на податоците.

(16) Министерството за внатрешни работи по извршената проверка, барањето го доставува до Агенцијата за вработување која по извршената проверка на работодавачот, односно корисникот на услуги, му издава работна дозвола за лицата со кои е потпишан договорот за работно ангажирање во Република Македонија и истите преку надлежните органи, согласно со закон ги доставува до дипломатско - конзуларното претставништво на Република Македонија во соодветната држава.

(17) По исклучок од ставовите (11), (12) и (13) на овој член барањето може да се поднесе и да се подигне од Агенцијата за вработување.

(18) За барањето поднесено согласно со ставот (17) на овој член Агенцијата за вработување обезбедува мислење од Министерството за внатрешни работи.

(19) По добивањето на работната дозвола, странецот поднесува барање за издавање на виза за долгорочен престој (виза „Д“), односно за добивање на решение за дозвола на привремен престој во Република Македонија, во постапка утврдена согласно со закон.

(20) По добивањето на визата за долгорочен престој, странецот може да влезе во Република Македонија и е должен во рок од пет дена од денот на влегувањето во Република Македонија да се јави во Министерството за внатрешни работи, заради издавање на дозвола за привремен престој во Република Македонија. (21) По добивањето на дозволата за привремен престој од Министерството за внатрешни работи, работодавачот е должен во Агенцијата за вработување - Центарот за вработување во седиштето на работодавачот да го завери почетокот и престанокот на работата вршена од странци.

8.10. Иселување на младите од Македонија

Податоци од попис на населението во Република Северна Македонија и податоци за иселувања на граѓаните споредено од пописот во 2002 година и последниот попис во Република Северна Македонија 2021[15]

На територијата на Република Северна Македонија првите попишувања датираат од 15 век, кога турските власти ги попишувале само даночните глави и машкото население. Постојат руски, француски, грчки и други извори на податоци за попишување на населението во 19-тиот век.

Првиот современ попис на територијата на Република Северна Македонија е спроведен во 1921 година.

[15] https://www.stat.gov.mk/OblastOpsto.aspx?id=31

По Втората светска војна, во Република Северна Македонија се спроведени 9 пописа: 1948, 1953, 1961, 1971, 1981, 1991 и 1994, 2002 и 2021 година.

Пописот во 1991 година беше со нецелосен опфат и затоа во 1994 година повторно е спроведен попис во истата декада.

Пописот во 1994 година е прв попис во Република Северна Македонија по нејзиното осамостојување.

Пописот во 2002 година е последниот попис во Република Северна Македонија спроведен со традиционалниот метод.

Пописот во 2021 се спроведе со примена на нов, т.н. комбиниран пописен метод и нов технолошки пристап со внес на пописните податоци на рачни компјутери, лаптопи и користење на податоци од креираната претпописна база (ПП) на податоци.

Пописот на населението, домаќинствата и становите се дефинира како статистичка операција со која во редовни временски интервали (најчесто на десет години) се врши официјално пребројување на населението на територијата на земјата, од нејзините најмали географски територијални единици до ниво на држава, заедно со дефинираните демографски, социјални и економски карактеристики на вкупното население.

Вообичаено е пописите да се спроведуваат на секои 10 години, и тоа во годините што завршуваат на нула или еден.

